33449

14037,

НОВА МАКЕДОНИЈА • Четврток 20 февруари 1986 год. • стр. 9



Пред скопските љубители на уметноста: Хенри Мур — „Свитканата фигура бр. 1" и „Жена"

Денес во МСУ

# Изложба »Четириесет години британска скулптура«

● МЕЃУ ЕДИНАЕСЕТТЕ БРИТАНСКИ УМЕТНИЦИ ЗАСТАПЕНИ СЕ ДЕЛАТА НА МУР, ХЕПВОРТ, АДАМС, МИЧЕЛ И ДРУГИ

Во Музејот на современата уметност во Скопје денес во 12 часот ќе биде отворена изложбата под наслов „Четириесет години британска скулптура" што е реализирана во соработка со Британскиот совет од Белград и Републичката комисија за културни врски со странство од Скопје.

Изложбата содржи експонати што претставуваат дел од збирката на Британскиот совет. Застапени се 50 цртежи, графики и скулптури од единаесет автори, што значи дека е даден приказ на целокупниот опус на овие автори од 1930 година до поново време. Се разбира, како централ на личност со чие творештво ќе се сретнеме е неизбежниот Хенри Мур, а меѓу останатите десетмина да ги спомeнеме Барбара Хепворт (ученик и соработник на големиот Мур), Роберт Адамс (дарител на Музејот на современата уметност кој во својата колекција има едно негово дело) и Денис Мичел. Треба да се каже дека повеќето од застапените автори се следбеници на Муровата „школа", за потоа и самите да станат пример за следните генерации британски уметници.

Иако преку творештвото на 11-те уметници е даден дел од развојот на британската уметност, тоа е сепак довол на информација за стилските промени што се случиле во Британија во текот на опфатениот период: од пофигуративните дела на Мур до дела што носат апстрактни решенија или геометриски форми. Заедничкиот белег на различните по стил скулптури е релативно малиот формат, а материјалот најчесто е бронза и алуминиум. Британските графики што ќе ги видиме на оваа изложба во Скопје се монотипии или литографии.

С. Ѓ.